**ИНФОРМАЦИИ ЗА ОБРАБОТКА НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ**
**ПРИ КОРИСТЕЊЕ НА МОБИЛНАТА АПЛИКАЦИЈА WVP MFUNDS**

**1. Основни податоци за контролорот на личните податоци**
Контролор: ВФП Фонд Менаџмент АД Скопје
Седиште: бул. Кочо Рацин бр. 3-2, кат 3 и 4, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
ЕМБС: 6983120
Даночен број (ЕДБ): 4080014546756
e-mail: contact@wvpfondovi.mk
Телефон: 02 32 800 82
Веб страница: www.wvpfondovi.mk

**2. Цел и правен основ на обработката**
Цел: овозможување на електронска регистрација, идентификација, дигитално потпишување, управување со инвестициски планови, увид во состојбата на инвестираните удели, евиденција на трансакции и комуникација со Друштвото преку мобилната апликација WVP mFunds.
Правен основ:
- прибавена согласност од субјектот на лични податоци за обработка на неговите лични податоци при користење на мобилната апликација WVP mFunds (член 10 став (1) алинеја 1 од Законот за заштита на личните податоци);
- Исполнување на законски обврски (Закон за инвестициски фондови, Законот за спречување перење пари и финансирање тероризам и други);
- Легитимен интерес на Друштвото за обезбедување сигурност и превенција од злоупотреби.

**3. Чии лични податоци се обработуваат**

ВФП Фонд Менаџмент АД Скопје обработува лични податоци на следни категории субјекти:

- **Физички лица кои се клиенти** на Друштвото, кои преку мобилната апликација WVP mFunds пристапуваат до своите инвестициски планови, склучуваат договори, вршат трансакции и комуницираат со Друштвото;

- **Физички лица кои не се клиенти**, но ја имаат преземено мобилната апликација WVP mFunds, креирале кориснички профил или започнале постапка на регистрација или идентификација со цел да остварат деловен однос со Друштвото;

**4. Категории на лични податоци**
- Идентификациски податоци: име презиме, татково име, датум на раѓање, ЕМБГ, број и важност на документ за лична идентификација, професија и назив на работодавач;
- Контакт податоци: адреса, телефон, е-пошта;
- Финансиски податоци: податоци за редовни и дополнителни примања, податоци за инвестициски удели, трансакции и уплати; стекнат движен и недвижен имот; искуство во вложувања и потекло на средства
- Информации за семејна состојба: Име и презиме на брачен партнер
- Технички податоци за уредот: IP адреса, марка и модел на уред, Android/iOS ID, јазик на уредот, верзија на оперативен систем, локациски податоци (во код);

**5. Категории на обработувачи на податоците**

Податоците се обработуваат од страна на вработените во ВФП Фонд Менаџмент АД Скопје задолжени за услугата.

Во случај на ангажирање на даватели на услуги  кои ВФП Фонд Менаџмент АД Скопје ќе ги ангажира како обработувачи на личните податоци на корисниците на WVP mFunds , ќе бидат склучени договори за обработка на лични податоци со кои давателите на услуги ќе бидатобврзани да постапуваат по упатствата на ВФП Фонд Менаџмент АД Скопје и да обезбедат заштита на личните податоци кои се обработуваат при обезбедувањето на тие услуги..

По исклучок, и во рамки на нивните законски определени овластувања. органите на државната власт, државните органи или правни лица основани од државата за вршење на јавни овластувања, агенција или друго тело смеат да ги обработуваат личните податоци во име на ВФП Фонд Менаџмент АД Скопје, по доставено конкретно барање.

На корисниците на апликацијата, во процесот на електронска идентификација и издавање на електронски потпис, од страна на Evrotrust Technologies – издавач на интероперабилна европска шема за електронска идентификација и давател на квалификувани доверливи услуги, ќе им биде побарана согласност за обработка на нивните лични податоци, согласно интерните правила и процедури на тоа Друштво.

**6. Пренос на лични податоци**

Одредени лични податоци, по исклучок, можат да бидат пренесени и обработувани во рамки на Европската Унија (ЕУ) и Европскиот економски простор (ЕЕП), при што секогаш се применуваат соодветни механизми за заштита во согласност со прописите за заштита на личните податоци и обврските кон Агенцијата за заштита на личните податоци.

Во случај да се јави потребаза пренос на лични податоци кон држави кои не се членки на ЕУ или ЕЕП, ВФП Фонд Менаџмент АД Скопје обезбедува усогласеност со законската рамка преку примена на дополнителни заштитни мерки (стандарден договор, технички мерки за енкрипција, ограничен пристап и др.), секогаш со цел заштита на правата и слободите на субјектите на податоци.

**7. Рок на чување на податоците**

Податоците се чуваат и обработуваат онолку долго колку што е потребно за остварување на целта за која биле собрани или колку што е предвидено со закон. По исполнувањето на целта, тие се бришат, уништуваат или анонимизираат.

- Документацијата поврзана со договори за вложување и клиентски досиеја се чува најмалку 10 години по престанокот на деловниот однос, согласно Законот за спречување перење пари и финансирање тероризам.

**8. Вашите права како субјект на лични податоци**

Согласно Законот за заштита на личните податоци, имате право:

- да бидете информирани за обработката;
- на пристап до Вашите лични податоци;
- на исправка и бришење;
- на ограничување на обработката;
- на приговор.

За остварување на овие права може да го контактирате Офицерот за заштита на личните податоци на:

- Марко Трајановски, e-mail: marko.trajanovski@wvpfondovi.mk, телефон: 02 328 0082

**9. Право на пријава до Агенцијата за заштита на личните податоци**

Ако сметате дека начинот на кој ВФП Фонд Менаџмент АД Скопје ги обработува личните податоци е спротивен на прописите, можете да поднесете барање до Агенцијата за заштита на личните податоцикоја е државен орган, надлежен да врши надзор над законитоста на преземените активности при обработката на личните податоци на територијата на Република Северна Македонија, како и заштита на темелните права и слободи на физичките лица во однос на обработката на личните податоци- www.azlp.mk.

**9. Дополнителни информации**

Повеќе информации за обработката на лични податоци можете да најдете во Политиката за приватност објавена на www.wvpfondovi.mk.